Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис

Арх.бр. УП1-15 1031/2019
Дата....22...07...2019

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Мирсад Салиу од с. Форино, Општина Гостивар, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни услужни објекти, на државен (магистрален) пат А2 во КО Ново Село 2, Општина Маврово и Ростуша.

Површината на планскиот опфат изнесува околу 0,5 ha и зафаќа земјоделско земјиште: пасишта (IV класа) и шумско земјиште (III).

Предметната локација се наоѓа во границите на III заштитна зона на изворот Рашче и во III заштитна зона на изворот Вруток.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y10219** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни услужни објекти, на државен (магистрален) пат А2, на КП бр.286 и 287/1 во КО Ново Село 2, Општина Маврово и Ростуша, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни услужни објекти, на државен (магистрален) пат А2 во КО Ново Село 2, Општина Маврово и Ростуша потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Планскиот опфат на бензинската пумпна станица се наоѓа во III заштитна зона (зона на хигиенско епидемолошко следење и набљудување) на изворот Рашче од кој се водоснабдува градот Скопје и селата во Скопскиот Регион. Во оваа зона мора да се почитуваат условите за заштита дефинирани со "Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита ("Службен весник на РМ", број 36/90).

Бензинската пумпна станица се наоѓа и во третата заштитна зона на водозафатниот објект извор "Вруток" од кој се водоснабдуваат градот Гостивар и околните села. Во оваа зона мора да се почитуваат условите дефинирани со "Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор "Вруток" мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ" ("Службен весник на РМ", број 89/18).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Мирсад Салиу од с. Форино, Општина Гостивар, преку полномошник Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. "ГОПЛАН" – ДОО Гостивар, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), со постапка бр. 22156 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни услужни објекти, на државен (магистрален) пат А2, на КП бр.286 и 287/1 во КО Ново Село 2, Општина Маврово и Ростуша.** Површината на планскиот опфат изнесува околу 0,5 ha.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на

просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни услужни објекти, на државен (магистрален) пат А2 во КО Ново Село 2, Општина Маврово и Ростуша, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1031/2019 од 11.07.2019 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни услужни објекти, на државен (магистрален) пат А2, на КП бр.286 и 287/1 во КО Ново Село 2, Општина Маврово и Ростуша, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2 – комунална супраструктура-бензинска пумпна станица со придружни услужни објекти, на државен (магистрален) пат А2, на КП бр.286 и 287/1 во КО Ново Село 2, Општина Маврово и Ростуша**, и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи